РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ
ГИМНАЗИЈА "НИКОЛА КАРЕВ" ЦО
Бр. 03-196/3
22.04 2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 42 од Законот за средното образование (Сл. весник бр. 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14 10/15, 98/15,145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18) и Службен Весник на РСМ бр. 229/220, член 44, 45, 142 и 146 од Статутот на Средното училиште на Град Скопје гимназија „Никола Карев" - Скопје, Училишната комисија за упис на ученици во прва година на ден 22.04.2021 година го објавува следниот

# О Г Л А С
## за запишување ученици во учебната 2021//2022 година во Средно училиште на Град Скопје гимназија „НИКОЛА КАРЕВ“ - Скопје

## I. БРОЈ НА УЧЕНИЦИ

Во прва година ќе се запишат 272 ученици во 8 паралелки со настава на македонски јазик според наставните планови и програми за:

**Гимназиско образование-238 ученици, 7 паралелки, 60 поени минимум**

**Гимназиско образование – 34 ученици, 1 паралелка, 60 поени минимум (паралелка во која ќе се изучува италијански јазик со 6 часа неделен фонд; и за која ќе се спроведе дополнително тестирање за познавање на италијанскиот јазик А1.1 ниво со максимален број на бодови од тестирањето вкупно 30 )**

## II. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

При пријавувањето.учениците треба да ги поднесат следните документи:

- пријава за запишување (пријавата за запишување ја изготвува МОН и ја објавува на официјалната веб страница и истата е бесплатна);
- оригинални свидетелства од VI до IX одделение;
- дипломи(доколку имаат) од освоени (I, II и III) места од меѓународни и државни натпревари од мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје;
- извод од матичната книга на родените (без оглед на датумот на издавањето).

## III. КОНКУРСНИ РОКОВИ

Пријавувањето и запишувањето на учениците се врши во еден уписен рок со три пријавувања, две пријавувања во месец јуни и едно пријавувања во месец јули.

**Првото пријавување и запишување на учениците се врши на 14 јуни ( во период од 12:00-19:00ч.), 15 јуни (во период од 07:00-19:00ч.), 16 јуни (во период од 07:00-19:00 ч.) и 17 јуни 2021 година (во период од 07:00-15:00 ч.), а ранг листите со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на 17 јуни 2021 година во период од 16:00-19:00 ч.)**

Квалификационото тестирање ќе се организира во училиштата за средно образование на 21 јуни 2021 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на 21 јуни 2021 година.

По објавување на ранг листите со резултатите од запишувањето, учениците кои не се запишани во училиштето, задолжително ја подигнуваат целокупната доставена документација поднесена во училиштето во рок од 48 часа, а училиштата имаат обврска да ја вратат целокупната документација на учениците во рок од **48 часа.**

**Второто пријавување** и запишување на учениците ќе се врши на **23 и 24 јуни 2021 година ( од 07:00-19:00 ч)**, и 25 јуниј 2021 (07:00-15:00 ч.), а резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на **25 јуни 2021 година (во период од 16:00-19:00 ч.).**

Квалификационото тестирање за второто пријавување ќе се организира во училиштата за средно образование на 26 јуни 2021 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на 26 јуни 2021 година

**Третото пријавување** и запишување на учениците ќе се врши на 30 јуни **2021 година (во период од 07:00-19:00 ч.)**, а резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на **1 јули 2021 година.**

Учениците кои се упатени на поправни испити, испит на година, испити за побрзо напредување, може да се запишат во училиштата во кои има слободни места после јунскиот рок, на **23 август 2021 година** за што доставуваат доказна документација.

По објавувањето на ранг листите со резултатите од запишувањето, учениците кои не се запишани во училиштето, задолжително ја подигнуваат целокупната доставена документација поднесена во училиштето во рок од 48 часа, а училиштата имаат обврска да ја вратат целокупната документација на учениците во рок од 48 часа.

## IV. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

Критериуми за избор на учениците се:

- среден успех на ученикот од VI - IX одделение;
- среден успех на ученикот постигнат по четири предмети (мајчин јазик, странски јазик и два предмети што се од значење за струката;
- дипломи за освоени (I, II и III) места од меѓународни натпревари, како и државни натпревари (организирани од акредитирани здруженија од МОН) по мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката односно од изборното подрачје;
- средна вредност од поени добиени за поведение.од VI до IX одделение.

Скопје, 22.04.2021

Директор
Андреј Манолев